ПОСТАПКА, УСЛОВИ И НАЧИН ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ИЛИ ФИЗИЧКО ЛИЦЕ ЗА СОБИРАЊЕ, ТРАНСПОРТ, СКЛАДИРАЊЕ И/ИЛИ ПРЕРАБОТКА,РЕЦИКЛИРАЊЕ НА ОТПАДНИ МАСЛА 2025

Во согласност со својата мисија и обврските согласно важечката законска регулатива, ОИЛТЕК ДОО Скопје, со ЕМБС 7729901 и ЕДБ 4032023560554, упатува Јавен повик до сите заинтересирани правни и физички лица за доставување на понуди за собирање, транспорт, складирање, третман, преработка, рециклирање и развој на инфраструктура за управување со отпадни масла, со цел склучување на Договор за соработка и деловно-технички договори.

Изборот на понудувачите ќе се врши согласно потребите на Колективниот постапувач, во рамки на Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад („Сл. Весник на РСМ“ бр. 215/2021) и Законот за управување со дополнителни текови на отпад („Сл. Весник на РСМ“ бр. 215/2021).

ПОСТАПКА И ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Повикот се спроведува во согласност со Член 29 од Правилникот за управување со посебните текови на отпад и останатите подзаконски акти, при што истиот останува отворен континуирано сè до исполнување на целите утврдени од страна на ОИЛТЕК ДОО како Колективен постапувач.

Секој заинтересиран понудувач има право да аплицира во било кое време, при што понудите ќе бидат разгледувани периодично, а избраните субјекти ќе склучат договори со минимално времетраење од една фискална година.

УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО

За да се земе предвид понудата, правните и физичките лица треба да исполнат следните услови:

1. Да поседуваат важечки дозволи за собирање, транспорт, складирање, третман и/или преработка на отпад издадени од Министерството за животна средина и просторно планирање.
2. Во рамки на договорот, задолжително ќе бидат прецизирани: меѓусебните права и обврски, минималната количина на отпад за која се презема обврска и видот на отпадот.
3. Понудувачот може да го предаде отпадот на друго овластено правно лице, со задолжително приложување на транспортна документација, идентификациони формулари и известување до ОИЛТЕК ДОО.

ПОСТАПКА ПРИ ПРЕРАБОТКА И ИЗВОЗ

Доколку понудувачот самостојно врши преработка или рециклирање, или ако истиот има намера отпадот да го пренесе на трета страна (вклучително и во странство), тој е должен навремено да го извести ОИЛТЕК ДОО, како и да достави детална документација за: количината што се извезува и придружна транспортна и идентификациона документација.

Секоја неусогласеност или двојна евиденција ќе се смета за прекршување на договорните обврски и ќе повлече правни последици.

НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДА

Понудите треба да се достават на следната адреса:

ОИЛТЕК ДОО Скопје
Ул. Бул. 3-та Македонска Бригада бр 72 Скопје - Аеродром
Е-пошта: oiltek.kontakt@gmail.com

Со понудата задолжително се доставуваат:
- Важечка дозвола издадена од надлежното Министерство
- Краток опис на техничкиот и логистички капацитет
- Предлог на услови за соработка

Понудите кои не се придружени со соодветна дозвола нема да се земат предвид.

НАДЗОР И ИЗВЕСТУВАЊЕ

Сите активности се предмет на периодичен надзор и проверка, во согласност со законските обврски. Субјектите се должни да водат евиденција и да доставуваат годишен извештај најдоцна до 31 јануари за претходната календарска година.

ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ

_____

(Печат и потпис)